Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл.весник на РМ “ број 51/05 ) и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Сл.гласник на општина Струмица” број 5/06) –пречистен текст, Градоначалникот на општина Струмица, донесе

# Р е ш е н и е
## за организирање на јавна анкета по Нацрт-Деталниот урбанистички план за дел од Блок 14 во град Струмица

1.Се организира јавна анкета по Нацрт–Деталниот урбанистички план за дел од Блок 14 во град Струмица со граничен опфат помеѓу улиците „Ката Поцкова“ , „ Ѓорги Василев“ и „ Климент Охридски “.

2.Решението за организирање јавната анкета ќе биде објавено на огласната табла на Општина Струмица, Секторот за уранизам и комунални работи , ВЕБ страницата на Општина Струмица, “Службен гласник на општина Струмица” и средствата за јавно информирање.

3.Јавната анкета ќе трае 10 работни денови од објавувањето на Решението.

4.Нацрт–Деталниот урбанистички план за Блок 14 на град Струмица ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул.”Ленинова” во соба број 3.

5.Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

6.Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во”Сл.гласник на општина Струмица”.

Број.08- 6859/2
12.01.2009год
Струмица

Градоначалник
на општина Струмица
Зоран Заев